**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-38
10.02.2022 година
Велес

До
Сектор/одделение за Финансии /
Сметководство / Ревизија

**Предмет: Покана за работилници**

Почитувани,

При спроведувањето на пописите и подготвувањето на пописните елаборати, како и при подготовката на завршната сметката/годишната сметка, секогаш се јавуваат дополнителни отворени прашања, за кои се потребни навремени и правилни насоки за постапување.

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија на база на своето повеќе од дведецениско искуство на обезбедување професионална, високо стручна и квалитетна поддршката во областа на организирање на работилници и обезбедување стручна поддршка на наведените теми, ја препозна потребата од организирање на работилницата на тема:

**„ЗАВРШНИ АКТИВНОСТИ ПО СПРОВЕДЕНИТЕ ПОПИСИ И ПРИ ПОДГОТОВКАТА НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА / ГОДИШНАТА СМЕТКА“**

која ќе се одржи Online на платформата ZOOM, на 17 Февруари 2022 година, со почеток во 9.30 часот.

Ве покануваме да ја искористите можноста да обезбедите присуство на работилницата на која детално ќе бидат разработени следните теми:

- Евидентирање на вишоци/кусоци на материјални/нематеријални средства, ситен инвентар, парични средства кај буџетските корисници, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија;
- Евидентирање на расходувани основни средства;
- Евидентирање на отпишани побарувања и обврски;
- Начин за постапување за исправки на вредноста на побарувањата по основ на даноци и комунални такси;
- Евидентирање на побарувања по основ на кусоци од вработени;
- Отуѓување на основни средства и ситен инвентар;
- Аконтации на данокот на добивка;
- Даночен третман на одделни трошоци од аспект на данокот на личен доход;
- Даночен третман на одделни трошоци од аспект на данокот на добивка;
- Спроведување на корекции на сметководствени грешки.

Работилницата претставува одлична можност за размена на информации, знаења и добри практики за наведените теми, а долгогодишното искуство на ангажираниот експерт е гаранција за правилни насоки за постапување.

Котизацијата за учество е задолжителна за сите пријавени за учество на работилниците и изнесува само **3.000,00 денари (без ДДВ)** по учесник, а можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи ќе имаат **право на доделување на часови за посета на настава за КПУ согласно со темите и нивното времетраење, опфатени со Агендата.**

Во функција на добро организирање на работилницата, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@t.mk Формуларот: Пријава за учество на работилниците и Агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401 или преку наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија
ВЕЛЕС
2